ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ НАЦИОНАЛНА РАДИО...
NDËRMARRJE PU...
RADIODIFUZIONI NA...
Бр.-Nr. 02-42214
02.06 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Извештај за работењето на ЈП НРД во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2021 година

СОДРЖИНА

Страна

ВОВЕД ------------------------------------------------------------------------------------------- 3
I.ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01-31.03.2021 ГОДИНА------------------------------------------------------------------------------- ------- 5
II.ПРИХОДИ--------------------------------------------------------------------------------------- 5
III.РАСХОДИ ------------------------------------------------------------------------------------ 7
IV. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА------------------------------------------------------------ 12
V.СОСТОЈБА НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА 31.03..2021 ГОДИНА----------- 12
V I.СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА НА 31.03.2021 ГОДИНА----------------------------------------------------------------- 13
VI I.СОСТОЈБА НА ОБВРСКИТЕ НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА НА 31.03.2021 ГОДИНА----------------------------------------------------------------- 14
VIII. ЗАЛИХИ-------------------------------------------------------------------------------- 15
IX. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА НА 31.03.2021 ГОДИНА----------------------------------------------------------------- 15

# ВОВЕД

ЈП Национална радиодифузија-Скопје е јавно претпријатие кое својата работа ја заснова на повеќе законски и подзаконски акти, стратегии, оперативни планови и развојни програми кои се однесуваат на различни сегменти од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и информатичко комуникациската технологија.

Со новите законски измени објавени на 12 Јули 2019 година во Службен весник бр.143 на Република Северна Македонија, извршени се измени и дополнувања во дејноста на ЈП Национална радиодифузија-Скопје.Дефинираните дејности се:

- пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниотрадиодифузен сервис Македонска радиотелевизија (во натамошниот текст МРТ),согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ,
- ЈП Македонска Радиодуфузија-Скопјез за потребите на МРТ експериментално пренесува и емитува програми и/или програмски сервиси,обезбедува дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, врз основа на одобрена студија од страна на Владата на Република Северна Македонија,
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервиси кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие,
- обезбедува оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи,
- поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа,
- обезбедување на пристапни broadband мрежи и средства во областите каде нема доволен комерцијален интерес за инвестиции за ваков вид на мрежи, со цел операторите истите да ги користат за на крајните корисници да им обезбедат broadband пристап до интернет и други
- Друштвото може да остварува и дополнителни активности и услуги со надомест, по други радиодифузни мрежи, поврзани со основната дејност, а особено заради целосно и економично користење на техничките и човечките капацитети и остварување на дополнителен приход.

ЈП НРД-Скопје, дејностите за пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис и за експериментално пренесување и емитување програми и/или програмски сервиси ги врши преку изградба, проектирање, развој, одржување и управување на електронски комуникациски мрежи и средства, наменети за вршење на пренос или емитување на програмите и програмскитесервиси и тоа:

- четири радио мрежи на ултра кратки бранови (ВХФ/ФМ),
- една радио мрежа на средни бранови (СБ),
- ТВ и радиодигиталнимултиплекси,
- мрежа на микро бранови дигитални преносни врски и
- пристап до сателит (up-link) и/или пренос на програмските сервиси на МРТ преку Интернет, врз основа на изготвена студија во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

Студијата за дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, јавното претпријатие ја изготвува во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

ЈП Национална Радиодифузија-Скопје дејностите за обезбедување на оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи, како и поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFIинтернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа, ги извршува преку изградба, развој и управување со Национална транспортна оптичка инфраструктура/мрежа (НТОМ).

ЈП Национална радиодифузија-Скопје е претпријатие, кое е формирано со цел да ги исполнува јавните потреби на граѓаните, а при извршување на своите активности, да води сметка за ефикасно и економично располагање и користење на собраните средства.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈП НРД Скопје изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење. Во составувањето на Финансиските извештаи, ЈП НРД Скопје ги применува усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување, односно Меѓународните сметководствени стандарди ( МСФИ / МСС ) и националната законска и подзаконска регулатива за даночни цели.

Финансиските извештаи се изготвуваат врз пресметковна основа,(фактурирана реализација). Вкупните приходи во Билансот на успех се признаваат до степен на завршеност на услугите на денот на билансирањето. Цените на услугите се утврдени според Ценовникот за услуги кој е во сила. Материјалните трошоци ги опфаќаат сите трошоци настанати во однос на фактурираната реализација и кои се покриваат со приходите остварени во пресметковниот период во кој настануваат.

# I. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.03.2021 ГОДИНА

ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА Скопје во првиот квартал од 2021 година, оствари приходи во вкупен износ од **46.488.264 денари** и расходи во вкупен износ од **44.899.675 денари**, со што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од **3.583.070 денари.**

| **Опис** | **Остварување 01.01-31.03.2020** | **Финансиски план 2021г.** | **Остварување 01.01-31.03.2021** | **Индекс 4/2*100** | **Индекс 4/3*100** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| А.ВКУПНИ ПРИХОДИ | 62.924.741 | 226.460.680 | 48. 482. 745 | 77,05 | 21,40 |
| Б.ВКУПНИ РАСХОДИ | 39.827.661 | 225.247.360 | 44.899.675 | 112,73 | 19,93 |
| **ФИНАНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | | | **3.583.070** | | |

## I. ПРИХОДИ

Во текот на првиот квартал од 2021 година ЈП НРД-Скопје реализира вкупни приходи во висина од **48.482.745 денари**, што е остварување од 21,41 проценти во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, бележат намалување од 22,95 проценти.

Вкупните приходи потекнуваат од повеќе, различни извори, реализирани делумно како наплатени средства, но во дел се фактурирани, односно евидентно прикажани.

**Оперативните приходи** во анализираниот период се остварени во износ од **4.440.536 денари,** што е реализација од 27,34 % во однос на планираните приходи за 2021 година. Истите, учествуваат со 9,16 % во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен *приход од наемнини.*

Приходите од наемнини, се реализираат по основ закупнина за користење на простор за сместување на опрема, од страна на: трговски радиодифузни друштва, интернет провајдери и други правни лица.

Ставката **останати приходи** има реализација во износ од **44.042.209 денари**, или остварување од 20,95 % во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена. Останатите приходи учествуваат со 90,84 проценти во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход од:

- приходи од субвенции (МИОА) 43.875.000 денари
- приходи од наплатени отпишани побарувања и отпис на обврски 33.449 денари
- приходи врз основа на камати од работењето 133.760 денари.

*Приходите по основ субвенции од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација* за финансирање на радиодифузна дејност, евидентирани во првиот квартал од 2021 година изнесуваат вкупно *43.875.000 денари*. Истите, учествуваат со 90,50 проценти во вкупно остварените приходи.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01-31.03.2021 ГОДИНА

| **Опис** | **Остварени приходи 01.03-31.03.2020** | **Планирани приходи за 2021 година** | **Остварени приходи 01.03-31.03.2021** | **Индекс 4/2*100** | **Индекс 4/3*100** | **Структура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **Оперативни приходи** | **4.046.432** | **16.240.000** | **4.440.536** | **109,74** | **27.34** | **9,16** |
| *74-Приходи од продажба на неповрзани друшта* | *4.046.432* | *16.240.000* | *4.440.536* | *109,74* | *27.34* | *9,16* |
| 747- Приходи од наемнини | 4.046.432 | 16.240.000 | 4.440.536 | 109,74 | 27.34 | 9,16 |
| **Останати приходи** | **58.878.309** | **210.220.680** | **44.042.209** | **74,80** | **20,95** | **90,84** |
| 765-Останати приходи од други извори | - | 13.000.000 | 33.449 | - | 0,26 | 0,07 |
| 767- Приходи од премии,субвенции, дотатии и донации | 58.500.000 | 195.890.680 | 43.875.000 | 75,00 | 22,40 | 90,50 |
| 769-Останати приходи од работењето | 69.042 | 330.000 | - | - | - | - |
| *77-Финансиски приходи* | *309.267* | *1.000.000* | *133.760* | *43,25* | | *0,27* |
| 774-Приходи врз основа на камати од работењето | 309.267 | 1.000.000 | 133.760 | 43,25 | | 0,27 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **62.924.741** | **226.460.680** | **48.482.745** | **77,05** | **21,40** | **100** |

## III. РАСХОДИ

Во функција на извршување на севкупните активности на ЈП НРД Скопје, во текот на првиот квартал од 2021 година се остварени вкупни трошоци и расходи во износ од **44.899.675 денари,** што во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година претставува остварување од 19,93 проценти. Споредени со расходите остварени во истиот период од 2020 година, се реализирани за 12,71 проценти повисоко.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ РАСХОДИ ПО ГРУПИ**

| **Група** | **Реализација 01.03-31.03.2020 г.** | **Финансиски план 2021г.** | **Реализација 01.03-31.03.2021 г.** | **Индекс 4/2*100** | **Индекс 4/3*100** | **Структура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| Трошоци за суровини, матерјал, енергија , рез.делови и ситен инвентар | 7.123.804 | 53.110.680 | 6.831.555 | 95,90 | 12,86 | 15,21 |
| Трошоци за услуги од тековни потреби | 1.823.445 | 38.655.000 | 1.662.652 | 91,18 | 4,30 | 3,70 |
| Плата и надоместоци од плата и останати трошоци на вработените | 14.619.066 | 87.300.000 | 25.615.456 | 175,21 | 29,34 | 57,05 |
| Трошоци за амортизација | 11.393.679 | 27.500.000 | 9.155.818 | 80,36 | 29,34 | 20,40 |
| Останати трошоци од работењето | 4.864.023 | 18.506.680 | 1.489.485 | 30,62 | 8,04 | 3,31 |
| Вредносно усогласување на тековни и нетековни средства | - | - | - | - | - | - |
| Останати расходи од работењето | 2.273 | 150.000 | 144.000 | 6.335,23 | 96,00 | 0,32 |
| Финансиски расходи | 1.371 | 25.000 | 709 | 51,71 | 2.84 | 0,01 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **39.827.661** | **225.247.360** | **44.899.675** | **112,71** | **19,93** | **100** |

**Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови**, во првиот квартал од 2021 година се остварени во вкупен износ од **6.831.555 денари** , што е реализација од 12,86% од Финансискиот план за 2021 година . Споредени со трошоците остварени во истиот период од 2020 годинам се реализирани за 4,10% пониско.

Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови во вкупните расходи учествуваат со 15,21%. Истите , се однесуваат на:

- трошоци за енергија ( 6.830.135 денари )
- трошоци за резервни делови и матерјали ( 1.420 денари )

Во вкупно остварените трошоци за суровини, материјали, енергија и резервни делови, најголемо учество имаат трошоците за енергија ( 99,98%). Истите, се однесуваат на трошоци за гориво, електрична енергија и трошоци за затоплување на простор, кои се во функција на технолошкиот процес и одржувањето на системите.

**Трошоците за услуги од тековни потреби** во анализираниот период бележат остварување во вкупен износ од **1.662.652 денари**, што е реализација од 4,30% од Финансискиот план за 2021 година. Споредени со трошоците остварени во истиот период од минатата година , се реализирани за 8,82 % пониско .Истите опфаќаат 3,70 % од од вкупните расходи на ЈП НРД Скопје.

Трошоците од групата, услуги од тековни потреби, остварени во првиот квартал се однесуват на :

- транспортни услуги ( 303.749 денари )
- поштенски и телефонски услуги ( 178.700 денари )
- услуги на заштита и одржување ( 485.242 денари )
- наем-лизинг ( 459.918 денари )
- комунални услуги ( 208.9356 денари)
- останати услуги ( 26.108 денари).

Во вкупно остварените трошоци за услуги од тековни потреби, најголемо учество имаат услугите на заштита и одржување ( 29,18 %), кои се однесуваат на трошоци за : тековно и инвестиционо одржување на недвижности, постројки и опрема, сервис и одржување на возила, услуги за обезбедување на имот и сл.

**Трошоците за плати, надоместоци од плата и останати трошоци,** се реализирани во износ од 25.615.456 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година претставува остварување од 29,34%. Споредени со истиот период од минатата година бележат пораст од 75,21 %.

Платите на вработените во анализираниот период, се пресметувани согласно Закон, Колективниот договор и нормативните акти на претпријатието. Трошоците за плата во вкупните расходи учествуваат со 57,05%.

По основ трошоци за плати, надоместоци од плата и останати трошоци пресметани се следниве трошоци: плата и надоместоци од плата-бруто (25.541.469 денари ) и останати трошоци за вработените( 73.987 денари ) .

Вкупно остварените трошоци за плати и надоместоци од плата се однесуваат на: бруто плати основна плата, даноци, придонеси ,минат труд, празнична

работа, ноќна работа, годишен одмор, боледување, платено отсуство, отпремнини и други лични примања .

**Трошоците за амортизација** за првиот квартал од 2021 година изнесуваат 9.155.818 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година претставува остварување од 29,34 %. Споредении со истиот период од минатата година, трошоците за амортизација се остварени за 19,64 % пониско.

Пресметаната амортизација во вкупните расходи учествува со 20,40%. Амортизација се пресметува на средствата со кои располага ЈП НРД , и тоа во најголем дел на ДВБ-Т опрема и возила.

**Останатите трошоци од работењето** во првиот квартал од 2021 година се реализирани во вкупен износ од 1.489.485 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година претставува остварување од 8,04 проценти. Споредении со истиот период од минатата година, овие трошоци се остварени за 4,00 % пониско. Во вкупните расходи останатите трошоци од работењето учествуваат со 3,31%.

Оваа група ги опфаќа следните видови на трошоци:

- надоместоци на органи на управување и надзор (419.994 денари )
- трошоци за репрезентација ( 46.465 денари )
- трошоци за осигурување (591.854 денари )
- банкарски услуги и трошоци на платен промет ( 21.313 денари )
- даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки (115.429 денари )
- останатии расходи (144.000 денари ) .

Групата трошоци **останати расходи од работењето** во првиот квартал од 2021 година бележи остварување во износ од 144.000 денари, кои се однесуваат на трошоци за камати на краткороцни и долгорочни кредити и останати финансиски обврски. Во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година , овие трошоци се остварени за 4,00 проценти пониско, додека во однос на трошоците во истиот период од минатата година, бележат значителен пораст. истиот период од минатата година, овие трошоци се остварени за 4,00 % пониско. Во вкупните расходи останатите трошоци од работењето учествуваат со 0,32%.

**Финансиските расходи** во во првиот квартал од 2021 година се остварени во вкупен износд од 709 денари, што е 2.84% од Годишниот финансиски план за 2021 година. Истите, се однесуваат на пресметани камати од работење со неповрзани субјекти. Споредении со истиот период од минатата година, овие трошоци се остварени за 48,29 % пониско. Во вкупните расходи останатите трошоци од работењето имаат незначително учество.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.03-31.03.2021 ГОДИНА**

| Сметка | Реализација 01.03-31.03.2020 г. | Финансиски план 2021г. | Реализација 01.03-31.03.2021 г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **40Трошоци за суровини матерјал,енергија,резервни делови и ситен инвентар** | **7.123.804** | **53.110.680** | **6.831.555** | **95,90** | **12,86** |
| 401Трошоци за матерјали | 35.890 | 2.645.000 | - | - | - |
| 403 Трошоци за енергија | 7.084.051 | 38.400.000 | 6.830.135 | 96,41 | 17,79 |
| 405 Трошоци за ,резервни делови и матерјал | 3.863 | 9.060.680 | 1.420 | 36,76 | 0,02 |
| 408 Трошоци за ситен инвентар и автогуми | - | 3.005.000 | - | | |
| **41 Трошоци за услуги од тековни потреби** | **1.823.445** | **38.655.000** | **1.662.652** | **91,18** | **4,30** |
| 410-Транспортни услуги | 7.871 | 630.000 | 303.749 | 3.859,1 | 48,21 |
| 411-Поштенски, телефонски и интернетн услуги | 188.194 | 2.940.000 | 178.700 | 94,95 | 6,07 |
| 412-Надворешни услуги | - | 225.000 | - | - | - |
| 413- Услуги на заштита и одржување | 668.838 | 30.780.000 | 485.242 | 77,55 | 1,58 |
| 414-Наем -лизинг | 708.201 | 2.500.000 | 459.918 | 64,94 | 18,40 |
| 415-Комунални услуги | 208.916 | 1.220.000 | 208.935 | 100,01 | 17,05 |
| 419-Останати услуги | 41.425 | 360.000 | 26.108 | 63,02 | 7,25 |
| **42 Плата и надоместоци од плата и останати трошоци на вработените** | **14.619.066** | **87.300.000** | **25.615.456** | **175,22** | **29,34** |
| 421-Плата, надоместоци од плата-бруто | 14.619.066 | 84.300.000 | 25.541.469 | 174,71 | 30,30 |
| 422-Останати трошоци за вработените | - | 3.000.000 | 73.987 | - | 2,47 |
| **43Трошоци за амортизација** | **11.393.679** | **35.333.334** | **9.155.818** | **80,35** | **25,91** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 432-Трошоци за амортизација | 11.393.679 | 35.333.334 | 9.155.818 | 80,35 | 25,91 |
| **44Останати трошоци од работењето** | **4.864.023** | **18.506.680** | **1.489.485** | 30,62 | 8,05 |
| 440-Трошоци за дневници за службени патувања во земјата | 72.785 | 1.570.000 | -630 | - | - |
| 441-Надоместоци за трошоци за вработените | - | 150.000 | - | - | - |
| 442-Трошоци за надомест на членови на управен и надзорен одбор | 413.328 | 1.805.680 | 419.994 | 101,61 | 23,26 |
| 444-Трошоци за репрезентација | 51.330 | 1.060.000 | 46.465 | 90,52 | 43,83 |
| 445-Трошоци за осигурување | 42.710 | 3.200.000 | 591.854 | 1385,7 | 18,49 |
| 446- Банкарски услуги и трошоци на платен промет | 25.939 | 120.000 | 21.313 | 82,16 | 17,76 |
| 447-Даноци кои не зависат од резултатот членарини и други давачки | 107.355 | 1.770.000 | 115.429 | 107,52 | 82,17 |
| 449 Останатии расходи од работењето | 4.150.576 | 8.831.000 | 295.060 | 7,11 | 3,34 |
| **46 - Останатии расходи** | **2.273** | **122.273** | **144.000** | **6.335,2** | **117,77** |
| 469- Останатии расходи од работењето | 2.273 | | 144.000 | 6.335,2 | 117,77 |
| **47Финансиски расходи** | **1.371** | 25.000 | 709 | 51,71 | 2,84 |
| 474-Расходи врз основа на камати од работењето | 1.371 | 15.000 | 709 | 51,71 | 4,73 |
| 475- Расходи врз основа на негативни курсни разлики | - | 10.000 | - | - | - |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **39.827.661** | **225.247.360** | **44.899.675** | **112,71** | **19,93** |

## IV.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА

Состојбата и промените на ревалоризираната набавна вредност на нематерјалните и матерјалните средства и нивната исправка на вредност, на ден 31.03.2021 година се прикажани во следнава табела:

| Група/сметка | Состојба 31.03.2021 |
|---|---|
| **НЕМАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА** | - |
| 003 Софтвер и останати права | 19.039.730 |
| 009 Акумулирана амортизација на нематерјални средства | -19.039.730 |
| **МАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **520.276.590** |
| 010 Земјиште | 218.891.094 |
| 011 Градежни објекти | 272.810.062 |
| 012 Постројки и опрема | 1.218.085.259 |
| 013 Алат,погонски и канцелариски матерјал,мебел и транспортни средства | 131.804.409 |
| 019 Акумулирана амортизација на матерјални средства | -1.321.314.234 |
| **Вкупно нематерјални и матерјални средства** | **520.276.590** |

## V.СОСТОЈБА НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Парите и паричните еквиваленти ги вклучуваат депозитите на сметките (денарски и девизни ) и готовината во благајна.
Состојбата на паричните средста на крајот на првото тромесечие е прикажана во следнава табела:

| Сметка | Состојба 31.03.2021 |
|---|---|
| 100-Парични средства на трансакциски сметки | 111.474.917 |
| 102-Парични средства на благајна | 80.186 |
| 103-Девизни сметки | 424 |
| 108-Други парични средства-преодна сметка | 247.044 |
| **Вкупно парични средства и парични еквиваленти** | **111.802.570** |

## VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА

Вкупните побарувања на 31.03.2021 година изнесуваат 89.236.965 денари. Состојбата на вкупните побарувања на ЈП НРД на крајот на првото тромесечие е прикажана во следнава табела:

| Сметка | Состојба 31.03.2021 |
|---|---|
| | |
| 120-Побарувања од купувачи во земјата | 436.801.436 |
| 122-Дадени аванси во земјата | 10.720 |
| 125-Побарувања од казнени камати | 239.200 |
| 126-Сомнителни и спорни побарувања | 53.778.964 |
| 129- Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи | -482.975.594 |
| 133-Побарувања за повеќе платен данок од добивка | 9.882.431 |
| 134-Побарувања за повеќе платен данок од добивка | - |
| 143-Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 60.584 |
| 145-Останати побарувања од вработените | 429.312 |
| 149-Вредносно усогласување на побарувања на поврзани субјекти | - |
| 151-Заеми на поврзани субјекти | 145.205 |
| 152 Побарувања врз основа на цесија,асигнација и превземање на долг | 70.000.000 |
| 191-Однапред платени зависни трошоци за набавка | 864.706 |
| 194-Платени зависни трошоци за набавка | 4.121 |
| 198-Останати однапред платени трошоци и пресметани приходи | 20.928 |
| **Вкупно** | **89.236.965** |

## VII.СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА

Вкупните неизмирени краткорочни и долгорочни обврски на 31.03.2021година изнесуваат 86.096.560 денари .
Состојбата на вкупните побарувања на ЈП НРД на крајот на првото тромесечие е прикажана во следнава табела:

| **Опис** | **Состојба 31.03.2021** |
|---|---:|
| 220-Обврски кон добавувачите во земјата | 5.931.478 |
| 221-Обврски кон добавувачите во странство | - |
| 222-Обврски за примени аванси од купувачи | - |
| 230- Обврски за данок на додадена вредност | 352.983 |
| 233 Обврски за данок на добивка | -1.045.529 |
| 234- Обврски за даноци од плати и придонеси од плати | 2.887.740 |
| 235 -Обврски за персонален доход | 21.146 |
| 237-Данок за непризнаени расходи и помалку платени приходи | 30.047.302 |
| 240-Обврски за плати и надоместоци на плата | 5.557.240 |
| 241- Обврски за надоместоци на вработените | 8.326 |
| 242-Останати обврски на вработените по К.договор | 41.544 |
| 249- Останати обврски на вработените | 287.686 |
| 250-Обврскиспрема осигурителни друштва | -33.359 |
| 251- Обврски за надомест на УО и НО | 139.327 |
| 252 –Обврски спрема вршители на дејност | 3.973 |
| 253- Обврски за наемнини | -303.696 |
| 262-Краткорочни крдити и заеми | -302 |
| 279-Долгорочни резервирања | 1.061.248 |
| 283-Долгорочни обврски спрема добавувачи во странство | 4.775.246 |
| 286-Долгорочни обврски за заеми и кредити од странство | 10.000.000 |
| 290-Однапред пресметани трошоци | -416.593 |
| 294-Одложено признавање на приходи од државна подршка | 26.780.800 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **86.096.560** |

## VIII. ЗАЛИХИ

Вкупните залихи на суровини, матерјали, резервни делови и ситен инвентар на 31.03.2021 година изнесуваат 60.934.548 денари

Состојбата на залихите на суровини,матерјали, резервни делови и ситен инвентар е прикажана во следнава табела:

| **Сметка** | **Состојба 31.03.2021** |
|---|---|
| 310- Суровини и матерјали на залиха | 49.761.482 |
| 320 -Залиха на резервни делови | 897.336 |
| 350- Ситен инвентар на залиха | 10.365.648 |
| 351- Ситен инвентар во употреба | 7.027.070 |
| 357- Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар | -7.117.000 |
| **Вкупно залихи на суровини, матерјали, резервни делови и ситен инвентар** | **60.934.548** |

## IX. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП НРД-СКОПЈЕ СО 31.03.2021 ГОДИНА

Вкупниот број на вработени во редовен работен однос со состојба на 31.03.2021 година изнесува 180 лица.

На почетокот на кварталот бројот на вработени изнесувал 120 лица. Зголемувањето на бројот на вработени во ЈП НРД е во согласност со Годишната програма за работа и развој на јавното претпријатие за 2020 и 2021 година.

**Состојбата на вработените во ЈП НРД-СКОПЈЕ по квалификации**

| | **ВСС** | **ВС** | **ССС** | **НСС** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **31.03.2021** | **46** | **-** | **122** | **12** | **180** |
| **Структура** | **25,55** | **-** | **67.78** | **6.67** | **100** |

Подготвил:
Весна Коцевска , дипл.ек.
Согласен:

**Управен одбор**
**ЈП Национална радиодифузија**